

Ива Станковска
"Хамок"
платно, акрилна боја и јажиња
варијабилни димензии
2022 г.



Јана Јакимовска
„Изгонување” (од рајот)
инсталација во простор
дим.варијабилни
2022 г.

“Поместени граници” е веќе во своето шесто издание. Тоа е концепт проект посветен на новите медиуми, потенцирајќи ги уметничките процеси кои се отворени за промени, уметноста во хармонија со просторот, односот уметност и природа. Самите уметници избрани за ова издание, Марија Светиева, Ненад Тонкин, Ива Станковска, Дарко Базерко, Ана Трајковска, Јана Јакимовска, Славчо Максимовски и Ана Ивановска ги придвижуваат границите на мислите, експериментираат низ нивната замисла, а сето тоа е резултат на грижите, прашањата и евентуалните одговори кои треба да ги постават во своите дела.

Овогодишното издание, спонтано по зададениот отворен простор ја оформи својата целост на презентација низ спој на уметноста и природата а така и поблиску до гледачите. Изборот на уметниците воглавно од младата генерација, со свои решенија од последната година на творештво, внесуваат енергија на невиност, но и посветеност кон вечните теми на бесконечност, релативноста на времето, но и пробивањето на границите на разбирањето и надежта.

„Временска екстаза” на **Ана Ивановска** е подна инсталација која ја симболизира животворната енергија на Сонцето и циклусот на животот. **Ана Трајковска** преку печатениот триптих „Без наслов” се поигрува со повторувачки мотиви од симболично писмо или пак форми, градејќи динамична композиција. **Дарко Базерко** преку насловот сугерира „Бесконечност” и формата која ја извиткува и излепува ви го одзема погледот до постојано движење понатаму. **Јана Јакимовска** со инсталацијата со органска жива материја (јаболки), сугерира на „Прогон” (од рајот), влегувајќи во двојна симболика. **Ива Станковска** со инсталацијата „Хамок”, објект кој „најчесто” се користи за уживање и релаксација, со својата уметност и исликаното платно ве повикува да нурнете во чистата и искрена уметност. **Славчо Максимовски** со мистичен наслов на делото „Диференцијација кон метафизичката тајност” поставува надреална перспектива кон несознаеното. **Марија Светиева** со свежиот колорит и разиграната композиција, носи порака многу потребна во денешницата „Надеж”. **Ненад Тонкин**, разработувајќи детски цртежи, рециклирајќи материјали, создава скулптури, а наивните мудри детски идеи ги материјализира и порачува „Следи ме”.

Уметнички совет на ДЛУМ

Република Северна Македонија
Министерство за култура
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës

15 април, Светски ден на уметноста

# ПО МЕС ТЕ НИ ГРА НИ ЦИ 6

ДЛУМ
Друштво на ликовни уметници на Македонија
DLUM
Association of Artists of Macedonia
2022



Ана Трајковска
„Без наслов”
Триптих, сито печат на платно
250x200 cm
2021 г.



Марија Светиева
„Надеж”
акрилик на платно
100x70см
2021 г.